# Д О Г О В О Р

## склучен на ден ______________200___година, меѓу:

1. ЈКП "ВОДОВОД" - БИТОЛА од една страна, како Давател на услугата, претставувано од Директорот м-р Горан Козаров, и

2. ________________________________ од ___________ ул. _______________________ бр.__________, вработен во ____________________________________________ со ЕМБГ __________________, како Корисник на услугата.

**Член 1**

Предмет на овој Договор е регулирање на правата и обврските меѓу Давателот и Корисникот на услугата за снабдување со вода за пиење, начинот на плаќање, како и други права и обврски кои произлегуваат од законот.

**Член 2**

Давателот на услугата со овој Договор се обврзува дека Корисникот на услугата редовно и непрекинато ќе го снабдува со чиста вода за пиење.

**Член 3**

Корисникот на услугата е согласен, потрошената вода од посебниот водомер да ја плаќа во законскиот рок по воспоставена сметка. Доколку не подмири две едноподруго сметки или три во тековната година, ќе биде тужен, а крајно исклучен од водоснабдувањето, согласно законот. Трошоците за прекинувањето на водоснабдувањето и повторното приклучување ќе ги сноси Корисникот на услугата.

**Член 4**

Сите потребни интервенции околу приклучокот (отворањето и затворањето на арматурата од двете страни, монтирање, демонтирање, чистење и други случаи) ги врши исклучиво Давателот на услугата за сметка на Корисникот, согласно законот.

**Член 5**

Давателот на услугата врши преглед на исправноста на водомерот согласно законот за метрологија. Прегледот за исправноста и евентуалната замена заради баждирање на мерниот инструмент, паѓаат на сметка на Давателот на услугата.

**Член 6**

Корисникот на услугата е должен редовно да ја одржува водоводната инсталација, односно водомерот и истиот да го штити од механички и други оштетувања, студ, мраз и сл.

**Член 7**

Корисникот на услуга, доколку го оттуѓи или изврши пренамена на станот, должен е да го извести Давателот на услугата, ЈКП "Водовод" - Битола.

**Член 8**

Овој договор се склучува на неопределено време, а измени и дополненија можат да се вршат со анекс кон истиот.

**Член 9**

За се што не е предвидено со овој договор, ќе важи ЗОО.

**Член 10**

Во случај на спор надлежен ќе биде Основниот суд во Битола.

**Член 11**

Овој договор е склучен во 3 еднообразни примероци од кои 2 за Давателот на услугата и 1 за Корисникот на услугата.

**Давател на услуга,** **Корисник на услуга,**